# ПРОТОКОЛ

## ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА НОВИНАРИТЕ (СО ФОКУС НА НОВИНАРКИТЕ) НА ИНТЕРНЕТ



Здружение на новинарите на Македонија

EFJ FEJ EJF FEP

CONFEDERATION SYNDICAT EUROPEÆN TRADE UNION

**Наслов:** Протокол за безбедност на новинарите (со фокус на новинарките) на интернет

**Протоколот е подготвен од работната група, составена од:**

- Никола Дујовски, Факултет за безбедност Скопје при УКЛО Битола
- Јасна Бачовска Недиќ, Правен факултет „Јустинијан први“ Скопје
- Еви Шкопи, новинарка
- Кристина Атовска, новинарка
- Сашка Цветковска, новинарка
- Тони Ангеловски, Помошник на министерот за односи со јавност и стратешко планирање при МВР

**Членови на работната група од ЗНМ:**

- Драган Секуловски
- Младен Чадиковски

**Издавач**: Здружение на новинарите на Македонија
**Проект:** „Синдикатите за фер закрепнување”
**Лекор:** Маја Катарова Апостолова
**Графички дизајн:** ЗНМ

Декември 2022 година, Скопје

Оваа публикација е изработена во рамките на регионалниот проект „*Синдикатите за фер закрепнување*” (Trade Unions for a Fair Recovery, 1.1.2022-30.4.2023), финансиран од страна на Европската Унија преку Европската конфедерација на синдикати и Европската федерација на новинари. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Здружението на новинарите на Македонија и на авторите и не ги одразува нужно гледиштата на Европската Унија, Европската конфедерација на синдикати и Европската федерација на новинари.

**Свесни** за сериозните предизвици и заканите на интернет со кои се соочуваат новинарите, особено новинарките и медиумските работници во извршувањето на својата дејност,

**Водени** од потребата за поголема безбедност на интернет, како основен предуслов за слободно и непречено известување,

**Подготвени** за меѓусебна соработка, која ќе придонесе за ефикасна заштита на новинарките и на другите медиумски работници,

**Уверени** дека само преку целосна посветеност на сите вклучени институции ќе се овозможи соодветна заштита и непречено функционирање на медиумите,

**Согласно** позитивното законодавство на Република Северна Македонија, на јавноста ѝ го претставуваме новиот

---

# ПРОТОКОЛ

За безбедност на новинарите (со фокус на новинарките) на интернет

---

# ВОВЕДЕН ЗБОР

Во време кога сите имаме можност да почувствуваме колку моќна алатка претставува интернетот и колку секојдневниот развој на човештвото е зависен од неговото користење, за жал, имаме можност да ги почувствуваме и негативните страни и злоупотребите што ги вршат поединци или организирани групи, со основна цел да ги постигнат своите непринципиелни интереси за негација на современото демократско живеење.

Токму во периодот на изготвување на овој протокол, сведоци сме на хибридната војна на која сме изложени како општество, а е насочена кон предизвикување страв и паника кај граѓаните преку испратени електронски пораки со лажни дојави за поставени бомби во училишта, трговски центри, објекти од витално значење за државата итн.

Паралелно со градењето отпорност на хибридните закани, ги градиме и добрите практики за поголема заштита на професионалците во медиумите, чија работа во најголем дел е поврзана со користењето на интернетот како значајна алатка без која не е можно квалитетно, навремено и професионално информирање на јавноста. Податоците покажуваат дека токму новинарите, а особено новинарките, се изложени на бројни навреди, притисоци, па дури и закани испратени преку социјалните мрежи на интернет, а со основна цел да се наруши слободното и независно новинарство, кое е столб на демократските вредности на македонското општество.

При подготовката на овој протокол беа направени широки анализи и беше консултирана богата актуелна литература, законски и подзаконски акти, протоколи, упатства, препораки и други документи, но и бројни институционални практики, со цел да се понуди најдобриот пристап за поголема заштита и безбедност на интер-

нет на новинарките и новинарите. За да се обезбеди доволно сеопфатна слика на предизвиците со кои се соочуваат новинарите, а особено новинарките, која ќе овозможи изработка на реални препораки претставени во форма на Протокол, со цел воспоставување функционален механизам за поголема безбедност и спречување на кршење на правата на новинарите (особено на новинарките) преку интернет, беа подготвени следните анализи:

1. **Состојбите со безбедноста на новинарите** и медиумските работници во Република Северна Македонија (РСМ), и нивните искуства при  загрозена безбедност преку интернет, со фокус на родовата перспектива и етничката припадност;

2. **Искуствата на новинарките** од други држави со закани и напади преку интернет;

3. **Безбедноста на новинарите на интернет** низ призмата на законските решенија и со фокус на родовата перспектива - дома, во регионот и во ЕУ

4. **Протоколи за безбедност на новинарите** и медиумските работници на интернет и други слични документи во регионот и ЕУ со фокус на родовата перспектива

5. **Практики, можности и капацитети** во Министерството за внатрешни работи на РСМ за заштита на безбедноста на новинарите, а особено новинарките во случаи на напади и закани преку интернет.

Анализите дадоа значајни податоци и добра структура од која се извлечени најдобрите препораки и практики, кои се составен дел на овој Протокол.

# ОСНОВНА ЦЕЛ НА ПРОТОКОЛОТ

Безбедноста на новинарките и новинарите на интернет е основен предуслов за непречено, професионално, навремено и квалитетно информирање на јавноста. Гарантирајќи ја безбедноста на новинарите и медиумските работници, државата ги исполнува основните премиси на демократското уредување, а општеството во кое секој поединец ќе се чувствува безбедно, извршувајќи ги своите работни обврски, е стремеж на сите демократски институции.

Безбедноста на интернет е дополнителен предизвик од многу причини. Виртуелниот свет, во кој се случуваат многу значајни процеси, во голема мера, ги надминува границите, капацитетите и можностите на една држава или на регионите во Европа. Секоја држава, а често и многу европски и други меѓународни институции посветуваат значајно внимание на протоколите за безбедност на интернет, најмногу насочени кон дополнителна заштита на ранливите категории, особено децата, на безбедносните институции, на заштитата на критичната инфраструктура, но и на бројни професионалци, меѓу кои едни од најзначајните секако се медиумските работници. Секоја држава мора да воведе делотворни мерки за заштита од напади насочени кон замолчување на тие што го реализираат своето право на слобода на изразување, вклучувајќи ги и новинарите, со фокус на новинарките, група која е често изложена на закани, застрашувања и напади поради своите активности. Сите закани кон новинарките/новинарите, независно дали преку интернет или на друг начин, потребно е енергично и благовремено да се истражуваат, а нивните сторители да се гонат, како и да се обезбеди соодветна отштета на жртвите или нивни претставници. Во некои држави, новинарите/новинарките се соочуваат со произволни апсења и прогони, со опресивни политички и комерцијални притисоци и репресивни прописи. Овие појави предизви-

куваат страв и неизвесност меѓу новинарите и другите вработени во медиумите и имаат погубно влијание на слободата на изразување во целото општество

Кога станува збор за новинарите, особено за новинарките и за медиумските работници/работнички, присуството на интернет заради остварување на работните задачи е императив во работењето и основен предуслов за успех во работата. Јавноста во работата и потребата да се презентира вистината води кон фактот дека нивните активности се следени и оценувани од неограничен број корисници на интернет (како од земјата, така и од странство). Токму ваквата изложеност на новинарките/медиумските работнички на „судот на јавноста“, честопати доведува до потенцијално загрозување на нивната сигурност, безбедност и нормални услови за работа. Заканите и предизвиците може да бидат од најразличен вид, од крајно безопасни (главно вознемирувачки), па сè до сериозни закани, за кои треба да се преземаат кривично-правни мерки за заштита и спречување.

Со оглед на овие индикатори, безбедноста на новинарите воопшто, а сега и во интернет-просторот или онлајн-безбедноста на новинарите е актуелна тема. Неминовно е да се разгледува во контекст на регулација на онлајн-медиумите низ призмата на законските решенија и особено со акцент на родовата перспектива.

Овој протокол има за цел да понуди решенија што ќе придонесат секој новинар, особено новинарките, да се чувствуваат безбедно, но и да знаат како да постапат во случаи на закани и напади преку интернет, со основна цел да добијат соодветна заштита од одговорните институции. Оваа заштита треба да биде комплетна и долготрајна, да овозможи работна атмосфера во која новинарката/новинарот нема да ги прекинат активностите, да ги променат приоритетите или да се откажат од понатамошно истражување или известување за темата што ја обработуваат.

# АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ

Начин што често се злоупотребува за да се прекрши ова право на друго лице. Додека дел од општеството се бори за родова еднаквост, жените се најчести жртви на напади преку платформите на социјалните мрежи. Да се биде жена и новинар е двоен „товар“, бидејќи сè уште е „попримамлива“ цел на малтретирање/напади/закани на социјалните мрежи.

Анализата на состојбите во нашата земја и во земјите од регионот покажува дека новинарките се особено изложени на закани и напади што секојдневно се случуваат на социјалните мрежи. Социјалните мрежи обезбедија нов начин на слобода на изразување. Секојдневно, особено новинарите/уредниците/водителите се соочуваат со психолошки притисок поради коментари, статуси или приватни пораки испратени од поединци, кои имаат за цел да ги замолчат и да ги заплашат. Најчеста цел се жените во медиумите што покриваат теми поврзани со основните човекови права, теми што традиционално се сметаат за „подобни за мажите“, теми што ја разоткриваат корупцијата во одредени институции или поединци што ја злоупотребуваат својата функција, теми што сè уште се сметаат за табу. За жал, онлајн-малтретирањето на новинарите е веќе глобален феномен, кој не ја заобиколи Северна Македонија. Целта на ваквите напади е да се замолчат, стигматизираат и да се заплашат жените што работат во медиумите.

Некои држави имаат постигнато повеќе во однос на заштитата на интернет, особено кога се во прашање новинарките, па токму таквите примери, поткрепени со соодветните истражувања и практиките што ги наметнуваат меѓународните организации, се водилка за подготовка на овој протокол и за градењето автентичен домашен пристап за поголема заштита на новинарките/новинарите на интернет.

Спроведените истражувања ги покажаа „жешките“ точки во сите земји во регионот, па слободно можеме да кажеме и во добар дел од Европа, за тоа колку е често вознемирувањето на социјалните мрежи, од кого доаѓаат овие вознемирувања, во каква форма се претставени, како реагираат новинарите, дали ги пријавуваат овие случаи, колку сериозно тие или институциите ги разбираат, дали добиваат поддршка, во каква форма и од кого? Колку новинарите ги сметаат „вратите на институциите“ како вистинска адреса кога има вакви случаи, што има заедничко нашата земја со соседните земји во овој поглед, како тамошните институции постапуваат со ваквите случаи? Новинарите се соочуваат со постојани закани во текот на својата работа и на терен, и преку онлајн-платформите. На терен, навредите најчесто се вербални, а онлајн главно се базирани на родова, но има и такви што се однесуваат на етничка и верска припадност, во зависност од темата што ја обработува новинарката. И покрај тоа што се чувствувале загрозени, многу малку од новинарите се обратиле до институциите за да ги пријават случаите. И кога ќе пријават такво нешто, нема епилог. Во некои случаи, медиумите каде што работат, им даваат морална поддршка, но ако ситуацијата е посериозна, некои од новинарите велат дека се чувствуваат оставени сами пред опасноста, иако причината поради која им се заканувале е работата што ја работат. Тие велат дека се чувствуваат загрозени и незаштитени.

Статистиката од земјите-членки на Европската Унија покажува дека новинарките повеќе се изложени на закани од своите машки колеги, особено во форма на онлајн-малтретирање, силување и смртни закани, како и поттикнување омраза врз основа на полот. Овие напади често се резултат на оркестрирани кампањи насочени кон дискредитација или замолчување на новинарките, кои може да доведат до самоцензура, повлекување од онлајн-заедниците или дури и одлуки да ја напуштат професијата. Новинарките што известуваат за теми поврзани со родовата еднаквост се особено изложени на закани и одмазда.

И покрај бројните недостатоци, евидентно е дека во последните неколку години, работите значително се променија во позитивна насока. Имено, во текот на 2021 година, еден случај завршил со правосилна одлука во корист на загрозениот новинар. Граѓанин е осуден на една година и осум месеци затвор, бидејќи во 2020 година, преку апликацијата „Телеграм“, се заканувал со смрт. Во текот на 2019, 2020 и 2021 година, евидентирани се вкупно 23 напади и закани врз новинари. Во 2021 година, ЗНМ евидентира 5 напади врз новинари и медиумски работници и една смртна закана, од кои 3 врз новинарки. Соработката со МВР се одвива непречено и се заснова на меѓусебна доверба и разбирање. За жал, изостанува потесна соработка со Јавното обвинителство, кое е клучна алка во процесирањето на кривичните дела поврзано со онлајн-загрозувањето на работата на новинарите. Во текот на 2022 година, на претходни барања на Здружението на новинарите на Македонија, како и на новинарскиот синдикат, а во насока на исполнување на обврските на државата, согласно препораките за безбедноста на новинарите од Советот на Европа, ОЈО Скопје назначи јавен обвинител за контакт за предмети поврзани со безбедноста на новинарите. Ова е позитивен чекор за подобрување на безбедноста на новинарите и медиумските работници и дополнително веруваме дека со измените на кривичниот законик и воведувањето дополнителна заштита на новинарите и медиумските работници ќе се подигне свеста за потребата новинарите да работат во целосно слободни медиуми и во демократски услови според високите светски стандарди.

# КАКО СЕ ПОСТАПУВА ВО СЛУЧАИ НА ЗАКАНИ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ

За ваквите случаи, надлежен е Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика (СККДФ) при МВР, но, исто така, постапуваат и организациските единици за компјутерски криминал при одделните сектори за внатрешни работи. СККСФ презема мерки по пријави за кривични дела од областа на компјутерскиот криминал, кои се гонат по службена должност. Во однос на заканите или психичкото малтретирање, закани кон новинари преку социјалните мрежи, портали, веб-страници и која било друга форма преку интернет, се преземаат мерки и активности согласно чл. 144 ст. 4 „Загрозување на сигурноста“ и чл. 394-г „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“ и со соодветен поднесок го известува надлежното ОЈО и постапува по дадени насоки од ЈО.

Во врска со процесот на пријавување, записник за примање пријава се поднесува во СККДФ или до најблиската полициска станица. Ако настанот се пријавува преку е-пошта (на адресата cybercrime@moi.gov.mk), тој допис се евидентира од страна на МВР како пријава и по неа се постапува. Ако таа не е целосна, се контактира пријавителот за појаснување и достава на докази за потврдување на пријавениот настан. Понатаму со соодветен поднесок се известува надлежното ОЈО и се постапува по дадени насоки од јавниот обвинител (ЈО).

Како конкретно се постапува доколку новинар(ка) пријави дека му (ѝ) е загрозена безбедноста? По добивањето на пријавата, на пример, во СВР Скопје, веднаш се известува ЈО по службена должност. Воедно се продолжува и со полициските изводи, доколку е потребно од ЈО се обезбедува барање или наредба за обезбедување податоци од социјалната мрежа или од интернет-порталот

каде што е објавена заканата. Доколку е познат сторителот, тој се повикува на службен разговор и по насоки и координација на ЈО се преземаат понатамошни мерки и активности, оперативни и истражни дејства, со цел документирање и обезбедување податоци и информации како материјален доказ, за успешно водење на кривичната постапка. По документирањето на кривично-правниот настан и утврдувањето на идентитетот на сторителот, се поднесува кривична пријава до надлежното ОЈО.

Кај започната постапка за обезбедување компјутерски податоци, ЈО и полицијата: не се сигурни дали бараните податоци постојат, дали тие ќе бидат дадени врз основа на отпочнатата постапка, кој е реалниот временски рок во кој може да се очекува дека ќе бидат доставени бараните податоци... Секако дека сево ова влијае врз текот на предистражната и истражната постапка бидејќи тековно има случаи што не се комплетирани бидејќи се чека одговор од интернет-провајдерите, иако ЈО и полицијата не се сигурни дали ќе ги добијат бараните податоци. Истовремено, има и случаи што не можат ефикасно да се завршат токму затоа што недостасуваат компјутерски податоци, кои не биле побарани навремено. Она што треба особено да се посочи е дека: ефикасноста во решавањето на предметите за кои е потребно да се обезбедат компјутерски податоци, кои би можеле да претставуваат потенцијален доказ во постапката, е намалена.

# ДА ИЗГРАДИМЕ ПОДОБАР ПРИСТАП ЗА ЗАШТИТА НА НОВИНАРКИТЕ/ НОВИНАРИТЕ НА ИНТЕРНЕТ

Во суштина постојат бројни искуства, кои веќе се применети во другите држави, некои од нив со добри резултати, некои со ограничени, а некои без некое впечатливо влијание врз поголема безбедност за новинарките/новинарите на интернет. Успешен одговор на овие современи закани е можен само преку целосно и професионално вклучување на новинарките/новинарите, уредниците, сопствениците на медиумите, полицијата, јавното обвинителство и другите надлежни државни органи. Нашето мислење е дека дел од искуствата што може да бидат реални, мерливи и применливи и за нашите прилики и потреби се:

### *ЧЕКОР 1 - ПРИЈАВУВАЊЕ:*

***А) Креирање култура за заштита од заканите на интернет во редакциите.*** Имајќи предвид дека новинарките во своите редакции поминуваат голем дел од своето работно време, а со колегите споделуваат многу заеднички активности, нашето мислење е дека овој чекор е основниот за градење пристап што ќе ги превенира последиците од евентуалните закани. Поддршката во редакцијата не смее да изостане, новинарката има најголема доверба во своите најблиски, во уредникот, во менаџерот на медиумот. Тие ќе ја поддржат во постапката, веднаш и без одлагање да се пријави случајот во полиција, а нападнатата новинарка да биде заштитена во потребниот период. Колегите и уредникот треба да проценат како новинарката се справува со заканите, дали ѝ се потребни дополнителни чекори за поддршка или заштита и дали таа ги има сите ресурси за да се носи со ситуацијата. Тие треба да бидат во постојан контакт со МВР и со другите органи за

спроведување на законот, да се интересираат за случајот и да даваат поддршка за дополнителна заштита;

***Б) Воспоставување јасни линии и канали за пријавување.*** ЗНМ ќе овозможи целосна поддршка за новинарките што ќе бидат предмет на закани на интернет. Постојаната телефонска линија, на која секоја новинарка ќе може да се обрати за поддршка и совет, ќе биде на услуга за секаква информација, како и бесплатна правна помош понудена од адвокат за членовите на ЗНМ. Од начинот на пријавување во полиција, давање правна и психолошка поддршка, други процедурални чекори, па сè до неколку практични совети за личната безбедност на новинарката. МВР определи лице за контакт од СККДФ за новинарки и новинари што ќе примат закана на интернет, со поддршка за процедурите за безбедност, пријавување на случајот, заштита на доказите, навремено обезбедување на сите можни информации итн. Оваа активност е потврдена по добивањето согласност од Бирото за јавна безбедност во МВР.

***В) Документирање на секој поединечен случај на напад или закана преку интернет.*** МВР веќе ги документира сите примени пријави за закани на интернет, но потребно е да се воспостават јасни процедури што ќе ја подигнат довербата во капацитетите на полицијата. Полицијата треба да биде во постојана координација со ОЈО и со другите домашни и меѓународни фактори и активно ќе работи на брзо пронаоѓање на сторителот на кривичното дело и нивно процесирање пред надлежен ОЈО. ЗНМ, исто така, може да води регистар на пријавени кривични дела извршени против новинарки/новинари на интернет. Според тие податоци, како и ажурирање на досиејата, ЗНМ ќе има увид и може да се интересира во име на новинарката до каде е случајот и дали се преземаат континуирани мерки за пронаоѓање и фаќање на сторителот.

## ЧЕКОР 2 - ПРОЦЕНА НА РИЗИК:

***А) Ризик од физички повреди.*** МВР, според пристигнатата порака, ќе направи анализа на ризикот дали постои можност заканите на интернет да бидат пренесени на теренот и новинарката да биде загрозена физички (таа или нејзино блиско лице), како и процена дали е потребно зголемување на безбедноста на конкретното лице што е предмет на закана. Ова е особено значајно ако имаме предвид дека речиси без исклучок во сите случаи на убиства и физички напади врз новинарки/новинари, тие претходно биле предмет на закани на интернет.

***Б) Опасност од психолошки последици.*** Секоја сериозна закана може да има психолошки последици. Во зависност од способноста за отпорност на ваквите закани, психолошката реакција кај нападнатото лице може да биде од блага, до умерена, па сè до крајно загрижувачка ситуација, во која се доведува во прашање способноста на новинарката привремено да ги извршува своите задачи. Во секоја фаза на закрепнување, новинарката ќе ја добие целосната поддршка за полесно справување со последиците.

***В) Опасност од нарушување на угледот.*** Овој предизвик е секогаш присутен, но фактот дека новинарите се и јавни личности постојано изложени на „судот на јавноста", не треба многу да се грижат за нарушувањето на угледот, особено за ставови искажани од анонимни ботови, чија цел е токму дискредитација на секоја личност што не работи според нивните зацртани цели.

### *ЧЕКОР 3 - ПОМОШНИ МЕХАНИЗМИ:*

*А) Поддршка за дигиталната безбедност;*
*Б) Правна поддршка;*
*В) Емотивна и психолошка поддршка;*
*Г) Привремени одмори, промена на локација или промена на работното место;*
*Д) Давање јавна поддршка;*
*Ѓ) Ублажување на нападите преку интернет;*

Сите наведени чекори во помошните механизми имаат иста цел - градење пристап, кој значително ќе ги промени околностите на работа во услови на закани на интернет, па доколку тие бидат детално разработени и целосно имплементирани, ќе овозможат јасен одговор, кој ги надминува границите на една редакција, еден медиум, едно министерство, туку ќе претставува наш, заеднички, општествен одговор и гаранција на слободното и независно новинарство.

### *ЧЕКОР 4 - СЛЕДЕЊЕ И ПОВТОРНА ПРОЦЕНА / УЛОГИ И ЗАДАЧИ*

*А) Координатор за заштита на интернет;*
*Б) Менаџмент;*
*В) Уредници;*
*Г) Модератори;*
*Д) Новинари;*

Овој чекор се однесува на зајакнување на капацитетите на медиумите и нивните вработени. ЗНМ може да помогне доколку тоа биде побарано, особено при подготовката на програми и планови за обука, како за новинарките/новинарите, така и за уредниците и за менаџерските тимови на професионалните медиуми. Уредниците имаат многу значајна улога во процесот на јакнењето на

капацитетите на медиумите, особено во делот на заштитата и промовирањето на правата на вработените. Тие треба да бидат доволно обучени и подготвени за процедурите и постапките за пријавување на заканите преку интернет. Нивната грижа треба да биде постојана, добро е да бидат подготвени да ја поддржат новинарката што примила закани и да ги стават капацитетите на медиумот за подобра заштита и грижа за вработената.

Интернетот секојдневно се менува и сè повеќе го зазема слободниот простор. Во такви услови и медиумите треба да се менуваат, да ги користат придобивките на современиот свет и да се поставаат во насока на модерен, атрактивен, отворен пристап на поддршка за секоја новинарка што ќе се соочи со закана.

# НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

**Работите на кои особено треба да се внимава се:**

1. **Поддршка на новинарките,** припадничките на ранливите категории и на новинарките што известуваат за родови прашања - тие се најчесто изложени на закани на интернет;

2. **Транспарентност** и пријавување случаи на напад и/или загрозување - без никакво одлагање и калкулации, ниту, пак, со недоверба дека полицијата нема да ги преземе потребните активности за пронаоѓање и фаќање на сторителот на делото;

3. **Факторот време** - времето на пријавување не смее да се одложува, понекогаш и минутите се значајни, а секундите пресудни за успех на истрагата;

4. **Кампањи за подигање на свеста** и обезбедување информации - кампањите секогаш даваат резултат. Повеќе кампањи, со повеќе информации, кои во вистинско време ќе пристигнат до што е можно повеќе луѓе, а особено до засегнатите новинарки/новинари;

5. **Онлајн-нападите** кон новинарките содржат и говор на омраза што го зголемува опсегот на кривични дела против новинарите, но и можноста за пронаоѓање на сторителот;

6. **Онлајн-насилството** во Македонија и регионот води кон самоцензура и прави новинарките да ги одбегнуваат темите од висока политика, но води и кон исклучување на жените од јавниот живот;

7. **Нападите кон новинарките** се често оркестрирани од центри на моќ (партии, бизнис-корпорации), па и одговорот треба да биде насочен кон заштита токму од такви напади.

8. **Потребно е да се воведат опсежни интерни механизми** за заштита на новинарките/новинарите на интернет.

9. **Измените на Кривичниот законик** и на Законот за кривична постапка се очекува да овозможат кривично-правна заштита на новинарите како службени лица, а со тоа да се забрзаат сите процеси што се водат за заштита на новинарките/новинарите.

10. **Покрај ЗНМ**, поактивна улога за заштита на правата на новинарите и на медиумските работници треба да преземат и самите медиуми.

11. **Главните забелешки на засегнатите страни** се однесуваат на неспроведувањето, неказнивоста или селективното спроведување на Кривичниот законик, Законот за клевета и навреда, слаба практика во спроведувањето на Законот за заштита од дискриминација на интернет, секојдневните и очигледни прекршувања на Законот за авторски права.

12. **Потребна е дополнителна регулација** или саморегулација на медиумскиот простор со упатства и насоки што ќе ги разјаснат бројните недоумици што се однесуваат на примена на стандардите на онлајн новинарското работење/пишување и тоа кон: изворите на информации, начинот на кој се пренесуваат медиумските содржини, почитување на приватноста, почитување на авторството и други важни класични прашања.

13. **Ефикасната заштита** на новинарките/новинарите во сајбер-просторот ќе биде приоритетна задача, но истовремено не треба да се загрози слободата на изразување. Филтрирањето и блокирањето на содржините на интернет, особено на социјалните мрежи, ќе биде особен предизвик.

14. **Систем на обуки за новинарите**, полициските службеници и други професионалци во органите за спроведување на законот, кои ќе ги направат посензитивни на прашањата за безбедност на интернет.

15. **Последно, но не и најмалку важно** - активно вклучување на ОЈО како партнер на ЗНМ и МВР во борбата за поголема заштита на новинарите и медиумските работници, кои се носители на демократските вредности во македонското општество.

**www.znm.org.mk**

**Здружение на новинарите на Македонија**
Градски ѕид, блок 13 1000 Скопје
00389 (02) 3298-139
contact@znm.org.mk